# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.8/25 од 25.04.2025 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба  Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

# СОДРЖИНА

1. Заклучок за објавување на Одлуката за усвојување на Анекс на елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода – град што ја зафати територијата на општина Росоман на 27 јуни 2024 година........ 3
2. Одлука за усвојување на Анекс на елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода – град што ја зафати територијата на општина Росоман на 27 јуни 2024 година........ 4
3. Заклучок за објавување на Решението за разрешување и именување на Претседател и член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз........ 5
4. Решение за разрешување и именување на Претседател и член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз........ 6

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# ЗАКЛУЧОК

Се објавува Одлуката за усвојување на Анекс на елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода – град што ја зафати територијата на општина Росоман на 27 јуни 2024 година, донесена на 55-та вонредна седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.04.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 365/1.1**
**28.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 55-та вонредна седница одржана на ден 25.04.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

**за усвојување на Анекс на елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода – град што ја зафати територијата на општина Росоман на 27 јуни 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Анексот на елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода – град што ја зафати територијата на општина Росоман на 27 јуни 2024 година со арх.бр.09-374/1 од 25.04.2025 година со вкупно проценета штета во износ од 102.488.643,20 денари, изготвен од страна на Комисијата за процена на штети на општина Росоман формирана со Решение бр.09-395/1 од 01.07.2024 година.

**Член 2**

Анексот на елаборатот за проценета штета од атмосферска непогода – град од член 1 на оваа Одлука да се достави до сите надлежни институции за постапување по истиот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-365/1.1**
**25.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за разрешување и именување на Претседател и член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз, донесено на 55-та вонредна седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 25.04.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 365/1.2**
**28.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), Советот на Општина Росоман на 55-та вонредна седница одржана на ден 25.04.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за разрешување и именување на Претседател и член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз**

1. Со ова Решение **се разрешува** Гоце Величковски од должноста претседател на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз, назначен со Решение бр.08-312/1.8 донесено од страна на Советот на 54-та седница на ден 11.04.2025 година.

2. Со ова Решение **се разрешува** Павлинка Секуловска од должноста член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз, назначена со Решение бр.08-299/1.2,2 донесено од страна на Советот на 53-та вонредна седница на ден 02.04.2025 година.

3. Со ова Решение **се именува** Слободан Ѓелевски на предлог на Советот на Општина Росоман за претседател на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз.

4. Со ова Решение **се именува** Гоце Величковски на предлог на Советот на Општина Росоман за член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз.

5. Останатите членови во состав на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз назначени со Решението бр.08-299/1.2,2 донесено од страна на Советот на 53-та вонредна седница на ден 02.04.2025 година, остануваат непроменети.

6. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-365/1.2**
**25.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**